**До: Општина Гевгелија, овластен градежен инспектор**
**(имател на информацијата)**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
Примено: 21.11.2024
Организ.ед. | Број | Прилог | Вредност

# БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

[redacted]
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________
______________________________________________________________________
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

- Колкав е бројот на бесправно изградени објекти на територијата на општина Гевгелија,
- Колку решенија за уривање на бесправно изградени објекти има издадено градежниот инспектор заклучно до 21.11.2024година,
- Колку од бесправно изградените објекти се веќе отстранети,
- Колку кривични и прекршочни пријави има поднесено градежниот инспектор за бесправно градење согласно Законот за градење и Законот за инспекциски надзор.

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ______________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- **а) по пошта**
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ______________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во** [redacted]

[redacted]

**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] година, имателот на информацијата Општина Гевгелија го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

Барањето од [redacted] по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 18-1490/1 од 04.12.2024 год, доставено до имателот на информации Општина Гевгелија,

Се УВАЖУВА.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted] имателот на информацијата Општина Гевгелија позитивно одговори на поднесеното барање кое се однесува на барање до општинската администрација, односно барање на информации за:

- Колкав е бројот на бесправно изградени објекти на територијата на Општина Гевгелија?
- Колку решенија за уривање на бесправно изградени објекти има издадено градежниот инспектор заклучно до 21.11.2024 година?;
- Колку бесправно изградени објекти се веќе отстранети?
- Колку кривични и прекршочни пријави има поднесено градежниот инспектор за бесправно градење согласно Законот за градење и Законот за инспекциски надзор?

Барањето е разгледано и согласно доставените информации од овластените лица во општинската администрација на барателот му се доставува одговор на поднесеното барање.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Гевгелија, 20.12.2024 година, под бр. 18-1490/3

По овластување
на Градоначалник на Општина Гевгелија
Службено лице за посредување
со информации од јавен карактер
Томе Јанкуловски

Градоначалник
на Општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***

**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
Одделение за инспекциски надзор за комунални работи, урбанизам, градежништво, патишта, сообраќај и заштита на животната средина
бр.16-1560/2 од 18.12.2024 год.
ГЕВГЕЛИЈА

До
[redacted]

Предмет: Известување

Во врска со Вашето барање за пристап до информација од јавен карактер доставена до Општина Гевгелија на 21.11.2024 год. со кое се бараат податоци од овластениот градежен инспектор на Општина Гевгелија кои се однесуваат на бесправната градба на територијата на Општина Гевгелија, Ве известувам следното:

- овластениот градежен инспектор не располага со точен број на бесправно изградени градби на територијата на нашата општина од причина што согласно Законот за градење и Законот за инспекциски надзор, инспекциските надзори се вршат и на легални и на бесправни градби и тоа врз основа на месечен план за работа и истите може да бидат редовни или вонредни или пак врз основа на иницијативи поднесени од физички или правни лица, кои се вонредни инспекциски надзори;
- во тековната 2024 година или заклучно до 21.11.2024 год. овластениот градежен инспектор има донесено 10(десет) решенија за отстранување на бесправно изградени градби;
- во тековната година има отстрането две бесправни градби;
- овластениот градежен инспектор нема поднесено кривични и прекршочни пријави.

За Ваша информација, надзор на работата на овластениот градежен инспектор врши Државниот управен инспекторат и Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам.

Со почит,

Овластен градежен инспектор

дипл.град.инж. Слободан Дичев
Службена легитимација р.б. 071050002

ИНФОРМАЦИЈА

За состојбата со постапувањето по барањата за утврдување правен статут на бесправно изградеани објекти во општина Гевгелија

Според Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл. весник ма РМ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и 174/21) во одделението за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина заклучно со 2018 година доставени се 5842 барања. Од нив 5409 се решени, а останати барања во постапка се 433.

Според горенаведениот закон рокот за завршување на барањата е до 03.03.2026 година.

Изработил
Раководител на сектор
Ирена Томчева

**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Бр. 18-1490/2**
**20.12.2024 год.**
**Гевгелија**

**До**
[redacted]

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по Барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Општина Гевгелија

**ВРСКА:** архивски број на примено барање 18-1490/1 од 04.12.2024 год.

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019), а во врска со вашето барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, Ве известуваме дека:

Одговорното лице за постапување со информации од јавен карактер, поднесеното барање го достави до Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина и до Одделение за инспекциски надзор – Овластен градежен инспектор, за одговор по поднесеното барање.

Од наведените одговорни субјекти, беше доставен одговор кој ви е доставен во прилог.

Во прилог ви доставуваме:

- Информација за состојбата со постапувањето по барањета за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти во Општина Гевгелија, доставена од Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина;
- Известување од Одделение за инспекциски надзор – Овластен градежен инспектор, за одговор по поднесеното барање;
- Решение по бараната информација

ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
MUNICIPALITY OF GEVGELIJA

Со почит,

Изготвил:
Томе Јанкуловски,
службено лице за посредување со информации од јавен карактер

Градоначалник
на општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***

Доставено до:
- насловот и
- архива